Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), а во врска со одредбите од член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и петтатапленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Кисела Вода согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023)**

### Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Кисела Вода за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Кисела Вода, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и **Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија**“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Кисела Вода и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Кисела Вода до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-5556/14
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Кисела Вода за потпишување на Договор за грант**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Кисела Вода за потпишување на Договор за грант, донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/13
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и петтатапленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Кисела Вода за потпишување на Договор за грант согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Кисела Вода и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина **Кисела Вода** да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина **Кисела Вода** и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина **Кисела Вода**, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) меѓу Општина Кисела Вода и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-5556/15
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Одлука за определување на приоритетен проект финансисран преку Европска Банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија

1. Со ова Решение се објавува **Одлука** за определување на приоритетен проект финансисран преку Европска Банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/14
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и петтатапленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за определување на приоритетен проект финансисран преку Европска Банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава соглсноста за приоритетен проект финансиран преку Европска Инвестициона банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија склучен помеѓу Република Севена Македонија и Европска Инвестициона Банка за следниов проект :

***Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, општина Кисела Вода - прва фаза***

**Член 2**

Утврдување на овој проект е направено врз основа за приоретизација на стратешки проекти од обласа на водоснабдуавањето во Општина Кисела Вода во рамките на годишната и развојните програми на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-5556/16
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за давање согласност за потпишување на Изјава од Градоначалник на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање согласност за потпишување на Изјава од Градоначалник на Општина Кисела Вода, донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/15
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и петтата пленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за потпишување на Изјава од Градоначалник на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на Изјава на Градоначалникот на Општина Кисела Вода дека Општина Кисела Вода ги исполнува условите за проект Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, Општина Кисела Вода - прва фаза.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-5556/17
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**ИЗЈАВА**

**Јас Орце Ѓорѓиевски како градоначалник на Општина Кисела Вода изјавувам дека**:

Општината Кисела Вода **нема формирано** јавно претпријатие, а надлежноста за снабдување со вода за пиење ја врши **ЈП Водовод и канализација - Скопје**.

**ЈП Водовод и канализација - Скопје** ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Проектот со кои ќе аплицира општината ќе биде одобрен со одлука од страна на Советот на општината.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Кисела Вода за реализација на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, Општина Кисела Вода - прва фаза**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Кисела Вода за реализација на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, општина Кисела Вода - прва фаза, донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/16
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и петтата пленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Кисела Вода за реализација на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, општина Кисела Вода - прва фаза**

**Член 1**

Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Кисела Вода во реализација на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик- прва фаза, Општина Кисела Вода - прва фаза доколку се јави потреба за истите.

**Член 2**

Општина Кисела Вода ќе учествува со вкупен износ кој ќе преставува разликата помеѓу доделените средства кои Општина Кисела Вод ги има добиено, согласно Одлуката на Влада на Реублика Северна Македонија за распределба на среставата согласно Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, општина Кисела Вода - прва фаза, а кој износ ќе биде утврден по заршување на постапката за јавна набавка и склучување на договор.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени до Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-5556/18<br>12 јуни 2025 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Кисела Вода<br>Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за одобрување на финансиски средства како еднократна парична помош на Здружение на граѓани "Илинденски марш 1978 година"**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства како еднократна парична помош на Здружение на граѓани "Илинденски марш 1978 година", донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/17
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), расправајќи по барањето на Здружение на граѓани “Илинденски марш 1978 година“ бр.08-4266/1 од 30.04.2025 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и петтата пленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за одобрување на финансиски средства како еднократна парична помош на Здружение на граѓани “Илинденски марш 1978 година“

### Член 1

Со оваа Одлука, а врз основа на Барањето бр.08-4266/1 од 30.04.2025 година од Здружение на граѓани “Илинденски марш 1978 година“ се доделува еднократна парична помош во висина од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

### Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-5556/19
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош, донесена на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/18
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022) и врз основа на Извештајот од повремената Комисија за доделување на еднократна парична помош бр.09-5813/1 од 12.06.2025 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и петтата пленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на средства како еднократна парична помош**

**Член 1**

Се прифаќаат барањата за доделување на еднократна парична помош, одобрени во Извештајот од повремената Комисија за доделување на еднократна парична помош бр.09-5813/1 од 12.06.2025 година.

**Член 2**

Се одобруваат парични средства во вкупен износ од 762.000,00 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година, од програма А00 Совет на Општина Кисела Вода, ставка 412110 – постојана резерва.

**Член 3**

Паричните средства, како еднократна парична помош, одобрени во Извештајот од повремената Комисија за доделување на еднократна парична помош бр.09-5813/1 од 12.06.2025 година, да бидат исплатени во четири групи, согласно висината на одобрените износи, и тоа:

На доленаведените лица, а врз основа на барањата за еднократна парична помош на навните трансакциски сметки да се исплати износ од по 6.000 денари:

1. Стана Илиевска, арх.бр. 09-2865/1 од 20.03.2025
2. Љупчо Алексовски, арх.бр.09-3784/1 од 15.04.2025
3. Снежана Антовска, арх.бр. 09-5214/1 од 27.05.2025
4. Спиро Ристовски, арх.бр. 09-4495/1 од 08.05.2025
5. Дејан Наков, арх.бр. 09-996/1 од 03.02.2025
6. Саиде Мифтари, арх.бр. 09-1277/1 од 11.02.2025
7. Гордана Пуцковска, арх.бр. 09-1830/1 од 24.02.2025

8. Боро Павловски, арх.бр.09-2478/1 од 11.03.2025
9. Викотор Божиновски, арх.бр.09-2477/1 од 11.03.2025
10. Живко Петрушевски, арх.бр. 09-2361/1 од 06.03.2025
11. Христина Неделчева, арх.бр. 09-3357/1 од 04.04.2025
12. Васка Кузмановска, арх.бр.09-3415/1 од 07.04.2025

На доленаведените лица, а врз основа на барањата за еднократна парична помош на навните трансакциски сметки да се исплати износ од по 12.000 денари:

1. Правда Јовановска арх.бр. 09-3141/1 од 28.03.2025
2. Виолета Ристоска арх.бр.09-4218/1 од 29.04.2025
3. Ленче Трајковска арх.бр.09-2480/1 од 11.03.2025
4. Сандра Митревска арх.бр. 09-5488/1 од 04.06.2025
5. Диљавер Муаремов арх.бр. 09-1981/1 од 26.02.2025
6. Рамуш Муарем арх.бр.09-2194/1 од 28.02.2025
7. Александра Татули арх.бр. 09-4884/1 од 19.05.2025
8. Менка Неделкова арх.бр. 09-1076/1 од 05.02.2025
9. Татјана Хараламииева-Солтирова арх.бр.09-1401/1 од 13.02.2025
10. Ванчо Андонов арх.бр. 09-1678/1 од 19.02.2025
11. Светлана Илиеска арх.бр. 09-2433/1 од 10.03.2025
12. Горан Наумовски арх.бр. 09-2579/1 од 13.03.2025
13. Иво Зафировски арх.бр. 09-2928/1 од 24.03.2025
14. Зоран Димчевски арх.бр. 09-3835/1 од 16.04.2025
15. Зоран Димитриевски арх.бр. 09-4021/1 од 23.04.2025
16. Лепа Трајковска арх.бр. 09-5051/1 од 22.05.2025
17. Ката Стојанова арх.бр. 09-2742/1 од 18.03.2025
18. Маја Петковска арх.бр. 09-2783 од 19.03.2025
19. Борче Китановски арх.бр.09-2875/1 од 21.03.2025
20. Лилјана Николовска арх.бр. 09-4442/1 од 07.05.2025

На доленаведените лица, а врз основа на барањата за еднократна парична помош на навните трансакциски сметки да се исплати износ од по 15.000 денари:

1. Елеонора Ѓорѓиевска арх.бр.09-4589/1 од 12.05.2025
2. Николина Вељаноска арх.бр. 09-4721/1 од 14.05.2025
3. Вера Димитровска арх.бр. 09-4718/1 од 14.05.2025
4. Виолета Стојковска арх.бр. 09-1430/1 од 14.02.2025
5. Сашо Таневски арх.бр. 09-3486/1 од 08.04.2025
6. Стојан Ѓаковски арх.бр. 09-1955/1 од 26.02.2025

На доленаведените лица, а врз основа на барањата за еднократна парична помош на навните трансакциски сметки да се исплати износ од по 30.000 денари:

1. Славјанка Дамевска арх.бр. 09-2747/1 од 18.03.2025
2. Бобан Цаневски арх.бр.09-4849/1 од 16.05.2025
3. Ружица Ѓорѓиевска арх.бр. 09-2451/1 од 10.03.2025
4. Илчо Секуловски арх.бр. 09-4903/1 од 20.05.2025
5. Андреј Петревски арх.бр. 09-2724/1 од 18.03.2025
6. Драги Анчевски арх.бр. 09-5764/1 од 11.06.2025
7. Ана Мијалковиќ арх.бр. 09-4121/1 од 28.04.2025
8. Стефан Николов арх.бр. 09-4410/1 од 06.05.2025
9. Стефани Здравеска арх.бр. 09-2723/1 од 18.03.2025
10. Сања Живановска арх.бр. 09-4594/1 од 12.05.2025
11. Светлана Алексоска арх.бр. 09-4871/1 од 19.05.2025
12. Горан Јовчевски арх.бр. 09-5204/1 од 27.05.2025

**Член 4**

За исплата на финансиските средства од член 3 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-5556/20
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територија на Општина Кисела Вода, донесен на Педесет и петтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 јуни 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6216/19
24.06.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 122 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четиринаесеттата пленарна седница одржана на Педесет и петтата пленарна седница одржана на 12 јуни 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со овој Заклучок се усвојува Иницијативата за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територија на Општина Кисела Вода со која се задолжува Секторот за образоване, предучилишно воспитување, спорт и култура истата да ја разгледа и ги превземе потребните дејствија.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образоване, предучилишно воспитување, спорт и култура и до градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-5556/21
12 јуни 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 2.46в од ДУП за населба Пржино 1 (Одлука бр. 07-32/2 од 17.03.2003 година), Општина Кисела Вода“;

2. Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 3.6 и формирање на ГП 3.6.1 и ГП 3.6.2 со намена А1.2 -станбени куќи со споен зид на меѓа од измена и дополна на Дуп Пржино 1 дел од урбан дел 2 и дел од урбан дел 3, Општина Кисела Вода (донесен со Одлука бр.07-8103/13 од 14.11.2012 г);

3. Одлука за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.98 формирана со ДУП за Реон Ј, Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода - Скопје“;

4. Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“- Скопје за 2025 година;

5. Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година;

6. Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Кисела Вода;

7. Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Кисела Вода;

8. Решение за измена и дополнување на решението за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Кисела Вода;

9. Одлука за донесување на План за Парцелација од “Урбанистички Проект согласно член 63 од законот за урбанистичко планирање (Сл Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 40/25) со План за Парцелација за ГП 06.01 формирана со измена и дополна на ДУП за дел од Расадник Блок 4,6 и 7, КО Кисела Вода 1,Општина Кисела Вода“;

10. Одлука за донесување на План за парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 9.9 од ДУП за Градска четврт Ј20, Блок 07 - Општина Кисела Вода“;

11. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавна општинска установа „Дом на култура КВК“ Скопје (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 5/2016, бр. 7/2019);

12. Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Кисела Вода;

13. Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Кисела Вода за потпишување на Договор за грант;

14. Одлука за определување на приоритетен проект финансисран преку Европска Банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија;

15. Одлука за давање согласност за потпишување на Изјава од Градоначалник на Општина Кисела Вода;

16. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Кисела Вода за реализација на Проектот - Подобрување на системот за водоснабдување во населба Каменик, општина Кисела Вода - прва фаза;

17. Предлог - Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Здружение на граѓани “Илинденски марш 1978 година“;

18. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош;

19. Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територија на Општина Кисела Вода;